

# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО КАРПОШ

Денес две екипи од фирмата „Мастеф“ стартуваат со реконструкција на шест детски игралишта во Карпош 3. Во текот на денешниот ден ќе бидат обновени реквизитите (клацкалки, лизгалки, греди, куќарки) кои се наоѓаат на улиците Огражден, Пелистерска и Радика.





## СЕРЕНАДИ И НАПОЛИТАНСКИ ПЕСНИ ВО КАРПОШ

Со прекрасна рецитал – изведба на народни песни од фолклорното македонско творештво, хорот „Серенада“ ги забавуваше присутните гости овaa вечер на Карпошовото културно лето. Пензионерите –хористи ги собраа аплаузите на отворената сцена на платото во Т Ц „ Лептокарија“, како од повозрасната генерациска публика, така и од помладите жители на Општина Карпош. Со хорската рецитација на „ Биљана платно белеше“ , „ Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“ , „ Зурли трештат на сред село“, како и безвременската „ Серенада“, овој хорски состав им приреди незаборавна вечер на карпошани.

Вистинското летно уживање на оваа културна карпошова манифестација го продолжија Влатко Груевски ( тенор ) и Андреј Наунов ( пијано) . Тенористот Груевски и пијанистот Наунов на присутните карпошани им овозможија пријатна ѕвездена карпошова ноќ со наполитански песни. Овој вид на музички жанр кој е со карактеристична медитеранска мелодија, пишуван исклучиво на наполитански дијалект е популаризиран стил во 19-тиот и особено во 20 – тиот век, најпрво во Италија, па потоа и на северно-американскиот континент од страна на неаполците доселени таму. „ Santa Lucia“, „ Maria Mari“, „Luna Rosa “, како и светски познатата наполитанска нумера „ O sole mio“ беа дел од репертоарот на музичко-уметничкиот двоец, кој на гостите оваа вечер им подарија вистински „ наполитански коцерт“.



# КАРПОШ СЕ ПОКЛОНИ ПРЕД БОРЦИТЕ ОД СКОПСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

Делегација од Општина Карпош, предводена од Благојче Атанасоски, Ирена Калајџиева- Милевска и Лазар Дуковски денеска положи свежо цвеќе на споменикот подигнат во чест на формирањето на првиот скопски партизански одред на бул. Илинден. По повик на Комунистичката партија на Југославија на 22 август 1941 година, партизанските востаници, го формирале скопскиот одред за борба против германскиот и бугарскиот фашистички окупатор. Партизанската борба, резултирала со формирање на македонска држава три години подоцна, на 2 август во 1944 година. Локалната самоуправа секоја година, достојно го одбележува овој исклучително значаен историски датум од антифашистичката борба на македонскиот народ.





## НОВИ ПАРКИНЗИ ЗА ЖИТЕЛИТЕ НА КОЗЛЕ

Денеска, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, го најави завршниот инфраструктурен зафат во населбата Козле. Станува збор за проект вреден 3.753.068 денари, финансиран од страна на локалната самоуправа, со кој партерно се поплочува паркинг просторот на ул. Јуриј Гагарин бр. 6

- Изведувач на градежните работи е фирмата „СМ Компани", а паркингот зафаќа вкупна должина од 1.968 квадратни метри. Со комплетирањето на оваа инвестиција, од Министерството за економија до населбата Нерези, сите улици, рабници, тротоари се целосно реконструирани и реновирани, а атмосферската и фекалната канализација е заменета. Со тоа, сите обврски кои локалната самоуправа ги има кон граѓаните од овој дел на Општина Карпош, целосно се реализирани - нагласи Јакимовски.

Првиот човек на Општината објасни дека локалната самоуправа ја превзема оваа градежна иницијатива за да им овозможи на родителите кои своите деца ги носат во детската градинка „Пролет" и основното училиште „Владо Тасевски", прописно да ги паркираат автомобилите. Во оваа пригода, Јакимовски им се извини на жителите на населбата Козле, поради доцнењето на овој инфраструктурен проект, за кој немаше можност да се реализира до сега. Имено, Општина Карпош во изминатиот период имаше намален прилив на финансиски средства заради законските прописи кои важеа во текот на изборниот циклус на последните парламентарни избори, со кои се оневозможуваше прилив на финансиски средства во општините.

Ние како Општина, најпрво со наши средства го затворивме атмосферскиот канал кој претходно се наоѓаше на ова место, иако тоа претставуваше обврска на Градот Скопје. Таа инвестиција не чинеше околу 3.000.000 денари. По асфалтирањето на улицата, денеска ги поплочуваме паркинг местата, и заедно целата оваа инвестиција на затворање на каналот, проектирање и асфалтирање на улицата, како и изградбата на овој паркинг простор, локалната самоуправа ќе одвои вкупно околу 10.000.000 денари - истакна Јакимовски.



# МАЛИТЕ ЅВЕЗДИЧКИ БЛЕСНАА ВО КАРПОШ

Осмата вечер од „Културното лето Карпош-2017", со неверојатно енергичниот настап ја одбележаaa младите музички надежи, Мартија, Мина, Драгана, Благица и Магдалена. Нивниот вокален настап, се чини дека привлече најмногубројна публика која досега присуствувала на овогодинешната културна манифестација. Со одлично осмислена кореографија и беспрекорниот сценски настап, музичките ѕвездички ги придружуваа младите талентирани танчерки од групата „Aqua Dance Club" кои демонстрираа перфектна координација и синхронизираност во играњето. Тие успеаја да ги дигнат на нозе присутните љубители на добриот ритам, кои очигледно уживаа во 90 минутниот музичко- сценски спектакл.

Амбиентот особено се „вжешти" по изведбата на познатите македонски и светски музички хитови како што се, „Во коси да ти спијам", „Despacito", „Врати ми го сонцето", „How deep is your love", „Vertigo" и сл. Уште една прекрасна ноќ во Карпош за паметење, во која младите ѕвездички покажаа дека за успешен музички продукт не е потребно само искуство, туку и многу љубов, ентузијазам и бескрајна визија.








TRB
STATE
OF
MIND



# НОВ ЕКОЛОШКИ ПОКРИВ ВО ТАФТАЛИЦЕ 2

Денеска, во индивидуалниот станбен објект на ул. Будимпештанска бр.18 во населбата Тафталице 2, се постави 184 метри ребраст, поцинкуван пластифициран лим, и 31 метар рамен лим. Се повеќе граѓани на Општина Карпош се заинтересирани и учествуваат на повикот на локалната самоуправа за замена на азбестните покриви, со еколошки покриви кои се субвенционирани од страна на Општината. Локалната самоуправа и во иднина, ќе издвојува финансиски средства од својот буџет за оваа намена.



# КОНЦЕРТ ЗА ПАМЕТЕЊЕ НА АНЕТА И ГРУПА „МОЛИКА“ ВО КАРПОШ

Деветтата вечер од овогодинешното Карпошово културно лето, продолжи со концерт на Анета Мицевска и група „ Молика“. Со прекрасна изведба на странски евергрини и македонски староградски песни, музичката дива, заедно со својот бенд, ги забавуваше присутните карпошани. Неверојатната интерпретација на „ Pour gue tu m’amies encore“, „ Someone like you“, „ My heart will go on“, како и многубројните староградски песни „ Јовано Јованке“, „ Слушни ме мајко стара“, “ По друм одам мајче“ ја развесели публиката, која беше дојдена во голем број од сите возрасти.

Млади карпошани, како и жители на Општината од повозрасна категорија, со аплауз на отворена сцена, ја поздрави македонската фолк ѕвезда, која со својот мелодичен глас, им ги наполни срцата како со познати странски хитови, така и со староградски песни од македонската фолклорна ризница.



# „БУМБАРЧЕ“ – НОВА РАДОСТ ЗА ДЕЧИЊАТА ОД КАРПОШ

Денеска, во урбаната заедница „Кузман Јосифовски- Питу“, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски предаде во употреба нов објект на детската градинка „ Пролет“.

Станува збор за нов објект (клон)на градинката ЈУОДГ „Пролет“ кој ќе го носи името „ Бумбарче“. Првиот човек на локалната самоуправа, истакна дека оваа детска установа е заедничка инвестиција на Општината Карпош и Министерството за труд и социјална работа ( МТСП). Притоа, Општината инвестираше во уредувањето на партерниот простор, додека Министерството за труд и социјална политика го ја среди внатрешноста а објектот. Градоначалникот Јакимовски нагласи дека ова е трет објект на детска установа во населбата Козле, која ги згрижува најмалите карпошани од три урбани заедници: Кузман Јосифовски-Питу,Пецо Божиновски-Кочо и Средно и Горно Нерези.

-Објектот зафаќа површина од 160 квадратни метри, и ќе биде со капацитет за прием на 56 дечиња. Сите капацитети се пополнети, и родителите изразуваат големо задоволство, што отворивме нова установа, бидејќи имаше реална потреба и заинтересираност за згрижување на нашите најмлади жители, потенцираше Јакимовски.









Општинскиот татко, Стевчо Јакимовски прецизираше дека освен згрижувачка, детските установи имаат и воспитно-образовна функција, која бара посебно внимание, труд, љубов и посветеност од соодветниот персонал. Јакимовски изрази надеж дека токму од оваа градинка ќе произлезат идни академици, професори, доктори, политичари, како и од многу други општествени професии.

Директорката на градинката „ Пролет“ Вита Јаковлевска, изрази големо задоволство од проширувањето на капацитетите на детската установа, бидејќи секоја година има се поголема заинтересираност од запишување на нови дечиња токму во оваа детска градинка.

-Пресреќни сме, и возбудени, ова е голем настан за нас, бидејќи од денес па натаму нашата установа се проширува со нови простории во кои ќе бидат примени нашите дечиња од Општина Карпош . Посакувам истите да поминат убави детски мигови, и сум убедена дека најдобро ќе ги подготвиме за влегување во основното образование, децидна беше директорката Јаковлевска.

Директорката на „ Пролет“ Вита Јаковлевска, истакна дека во овој клон ќе функционираат три занимални. Во две ќе бидат згрижени дечиња од 0-2 години, односно во т.н група на „ јасли“, додека во една занимална ќе бидат згрижени деца од 2-6 години.



# ВЕСКОВСКИ ПОД ЗЕЛЕНИЛО ПОДРАЗБИРА САМО ХОТЕЛ

На денешната прес конференција, шефот на кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош, Љупчо Пренцов, одговори на обвинувањата на претседателот на Општинската организација на СДСМ од Карпош, Душко Весковски, кои се однесуваат на зеленилото во локалната самоуправа.

-И покрај тоа што негова специјалност е градежништвото, Душко Весковски, во разбирањето на локалната самоуправа стигнал само до зеленилото и до воздухот. Имено, тој си вцрта маркица, во која многу јасно - во неа не направи зеленило, туку го злоупотреби СДСМ и си вцрта хотел веднаш до болницата Систина, а од кусурот си купи и еден стан – истакна Пренцов.

Шефот на кабинетот, Љупчо Пренцов, посочи дека на 15-ти октомври карпошани ќе одлучуваат меѓу тој што навистина се грижи и работи за Општината и за интересите на сите граѓани, а од друга страна, за неработниците и демагозите.

-СДСМ и нивната Општинска организација Карпош, треба да им одговорат на граѓаните дали се „за" прием на 5.000 бегалци во Општина Карпош. Ако се ЗА, се поставува прашањето како тоа ќе носат бегалци во, според нив, загадена и пренаселена општина, а ако се против населување на бегалци на Карпош ги повикуваме да се приклучат во иницијативата и да дадат јасна и недвосмислена поддршка – беше дециден Љупчо Пренцов.



# ЕТНО ВЕЧЕР ВО КАРПОШ

Десеттата вечер од „Културното лето Карпош-2017“ ќе остане запаметена по одличниот настап на групата „Монистра“. Со мистичните звуци на кавалот, тамбурата, гајдата и тапанот, младиот скопски етно состав создаде прекрасна атмосфера, при што можеше да се почувствува пријатниот ориентален звук од Балканот. Разиграната мелодика во целост ја надополни беспрекорниот вокал на талентираната пејачка Габриела Јанушевска. Оваа вечер, љубителите на стариот македонски етно звук уживаа во спонтаните преработки на изворните народни песни и ора кои имаат карактеристичен музички израз, преку кој се препознава македонскиот мелос и специфичната традиција, која вековно се негува во Македонија.

Во рамките на оваа културна вечер на барање на публиката, повторно настапи „кралот на сатирата“ - Војче Китановски, кој со своите оригинални шеги и досетки до солзи ги насмеа карпошани.



# МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОР ВО КАРПОШ

Вчеравечер,наплоштадот„Делфина“вонаселбатаВлае,градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски го прогласи за отворен 38-миот Меѓународен фолклорен студентски фестивал. Во организација на КУД „ Мирче Ацев“ и Општина Карпош, овој фестивал на кој учествуваат културно-уметнички групи од земјава, држави од соседството и Европа, претставува репрезент на македонската етно-фолклорна култура.

Првиот човек на Општина Карпош, нагласи дека локалната самоуправа секогаш вложувала во културата, како значаен сегмент на општественото живеење.

- Ми претставува огромно задоволство, што нашите културно-уметнички групи, но и фолклорните групи од соседството, како и од другите европски земји се вечерва тука, да ја презентираат и пренесат својата автохтона етнокултурна традиција. Постојано соработуваме и го поддржуваме културно-уметничкото друштво „Мирче Ацев“, кое на најдобар начин ја претставува Република Македонија во странство, нагласи Јакимовски.

На вчерашната манифестација, освен домашниот културен состав, пред многубројната карпошова публика со свои танци и традиционални ора, се претставија и културно –уметничките друштва од соседна Бугарија, како и од Полска.



# ФИНИШИРА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ГОРНО НЕРЕЗИ

-Училиштето , датира од 1937 година, и да бидам искрен, нас како локална самоуправа, од финансиски аспект повеќе ни одговараше да обезбедиме транспорт за седумте ученичиња до училиштето „ Братство" во населбата Тафталице 2. Но во консултација со месното население, сепак одлучивме да не го рушиме објектот и да изградиме комплетно нов, туку да го реновираме зачувувајќи го автентичниот изглед,бидејќи мештаните се емоционално врзани за него, градејќи го со сопствени напори во далечната 1937 година. Вкупно седум Албанчиња ќе следат настава почнувајќи од оваа учебна година, појасни Јакимовски.

Првиот човек на Општината, категорично истакна дека обврската за реконструкција, реновирање и изградба на училишта е на Министерството за образование и наука, но Општината Карпош со свои финансики средства го реконструирала ова училиште, како и сите училишта претходно кои се наоѓаат на територијата на самата локална самоуправа.

-Во Општина Карпош постојат десет основни училишта. И покрај тоа што надлежното министерство треба да биде одговорно за одржување на истите, ние во изминатите години извршивме целосна реконструкција, реновирање и подобрување на амбиенталниот простор во сите училишта. За оваа намена сме одвоиле околу 7 милиони евра, пари од буџетот на локалната самоуправа.

Општинскиот татко Стевчо Јакимовски потенцираше дека инвестицијата за реконструирањето на училиштето во Горно Нерези ќе чини околу 90.000 евра, а изведувач на градежните работи е фирмата „ Мастаф".

Јакимовски нагласи дека со мало задоцнување од дваесетти септември се очекува да започне наставата за учениците , бидејќи со законските уредби со кои се предвидува да запрат сите тендерски постапки додека трае изборниот процес, и додека не се формира Влада, Општината не била во можност да распише тендер за овој проект.

-Не е наша вината за одложувањето на градежните работи околу реконструкцијата на објекот, и веќе околу втората половина на септември очекувам учениците да ја продолжат наставата тука во целосно реновираниот нов објект, појасни градоначалникот.



# ЕВЕРГРИН ВЕЧЕР СО ЛИДИЈА КОЧОВСКА И АНТОНИЈА ГИГОВСКА

Антонија Гиговска беше одлична увертира за настапот на македонската музичка дива Лидија Кочовска. Пеејќи странски евергрин хитови, но и своите легендарни „ Ти си тој“, “ Што те нема“, “ Доволно луд“, Кочовска приреди вистинско летно, музичко уживање пред насобраните жители на Општина Карпош. Музичката уметница, со своите хитови од деведесетите, повозрасните ги „врати“ во својата младост, додека помладите уживаа во прекрасната вокална изведба на македонската пејачка.



